2016

АПЕЛАЦИОНЕН СУД
ГОСТИВАР



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## С О Д Р Ж И Н А

I Извештај за статистика на предмети……………………………………………………………………………….3
а) Кривичен оддел………………………………………………………………………………………………………….6
б) Граѓански оддел.......................................................................................................... 8
в) Заостаток на предмети............................................................................................11
II Извештај за човечки ресурси..................................................................................11
III Извештај за информатички технологии..............................................................13
IV Извештај за опременост и одржување на зградата на судот..........................................14
V Извештај за односи со јавност..................................................................................14
VI Извештај за извршувања на буџет на судот и финансиска анализа.................................15

## I.Извештај за статистика на предмети

Апелациониот суд Гостивар како самостоен и независен државен орган суди врз основа на Уставот на Република Македонија, законите и Меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, со што ја обезбедува единствената примена на правото и заштитата на човековите слободи и права.

Во текот на извештајниот период, судот со максимално професионално ангажирање на сите вработени – судиите, стручниот кадар и административно-техничкиот персонал, остана посветен на настојувањата за ефикасно и квалитетно извршување на судската функција, во рамките на своите надлежности со максимална посветеност за целосна реализација на програмата за работа за 2016 година.

Во овој период судот вкупно предмети во работа имал 5.873, која бројка ја сочинуваат 809 предмети пренесени како незавршени од претходниот извештаен период и 5.064 новопримени предмети.

Имено, обемот на работа во однос на претходната година, кога изнесувал 7.269 предмети е намален за 1.396 предмети што се должи на намаленот прилив на предмети кој меѓу другото се должи и на штрајкот во судството.

Приливот на нови предмети во однос на предходната година, кога изнесувал 6.808 предмети е намален за 1.744 предмети и изнесува 5.064 предмети.

Во текот на извештајниот период од вкупниот број предмети во работа, судот решил 5.652 предмети т.е. 808 предмети помалку во однос на минатата година.

Во однос на бројот на незавршени предмети на крајот на годината останале 221 предмет, што е претставува намалување за 588 предмети во однос на претходната година, што е во непосреден однос со засилените напори на целокупниот персонал на судот и покрај недоволниот, непополнет број на судии и административен кадар предвидени со систематизацијата на вработени за Апелациониот суд Гостивар.

Според статистичките податоци за бројот на предмети во извештајниот период во споредба со предходната година во **кривичниот оддел** се констатира намалување на вкупниот број на предмети во работа кај сите уписници, во уписникот “КЖ” за 156 предмети, во уписникот “КСЖ” за 15 предмети, во уписникот “КЖМ” за 3 предмети и во уписникот “ПРКЖ” за 625 предмети во однос на претходната година. Во **граѓанскиот оддел** во извештајниот период има намалување во уписникот “ГЖ” за 326 предмети, во уписникот “ТСЖ” за 129 предмети и во уписникот “РОЖ” се бележи намалување од 303 предмети во однос на предходната година.

Во уписникот “КР” се бележи намалување од 8 предмети, додека во уписникот “Р” зголемување од 9 предмети во однос на мината година. Кај предметите од судска управа во извештајниот период се констатира зголемување од 160 предмети.

Имено во 2016 година вкупно во работа имало 5.873 предмети од кои 4.758 предмети кои се опфатени со ориентационата норма утврдена од Судскиот совет, 52 предмети кои не се опфатени со ориентационета форма и 1063 предмети од судска управа.

## 1. Предметно работење на ниво на суд

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| “КЖ" второстепени кривични предмети | 39 | 385 | 424 | 393 | 31 |
| “КЖМ" второстепени кривични предмети во постапка против малолетници | 0 | 2 | 2 | 2 | 0 |
| "КСЖ" второстепен кривичен совет | 3 | 167 | 170 | 168 | 2 |
| "ПРКЖ" второстепени прекршочни предмети | 250 | 1705 | 1955 | 1889 | 66 |
| КР-Уписник за разникривични предмети | 1 | 31 | 32 | 32 | 0 |
| "ГЖ" второстепени граѓански предмети | 351 | 1011 | 1362 | 1302 | 60 |
| "РОЖ" второстепени предмети по спорови од работни односи | 81 | 397 | 478 | 436 | 42 |
| "ТСЖ" второстепени предмети по трговски спорови | 84 | 283 | 367 | 347 | 20 |
| Р-Уписник за разни граѓански предмети | 0 | 20 | 20 | 20 | 0 |
| **ВКУПНО** | **809** | **4001** | **4810** | **4589** | **221** |

## 2. Судска управа

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од месецот | Примени нови предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| СУ-Уписник за Судска Управа | 0 | 926 | 926 | 926 | 0 |
| СУ-ДОВ-Доверлив уписник за судска управа | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| СУ-СТР-ДОВ-Строго доверлив уписник за судска управа | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| УПП-Уписник за евиденција на преставки и поплаки | 0 | 40 | 40 | 40 | 0 |
| ИЗЗ-Уписник за изземање на судии и претседател | 0 | 85 | 85 | 85 | 0 |
| СПИ-Уписник за слободен пристап до информации | 0 | 11 | 11 | 11 | 0 |
| **ВКУПНО** | **0** | **1063** | **1063** | **1063** | **0** |

**Квалитет на работење на ниво на суд**

Според податоците од вратените предмети од страна на Врховниот суд, Судот го задржал високиот квалитет во работењето. Имено, од 175 предмети кои се примени 58 одлуки се потврдени или 33,14%; 3 одлуки се преиначени или 1,71%; 36 одлуки се укинати или 20,57% и 78 одлуки се отфрлени или 44,57%.

| Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 175 | 58 | 33,14% | 36 | 20,57% | 3 | 1,71% | 78 | 44,57% |

## А) Кривичен оддел

Во кривичниот оддел согласно распоредот за работа на судиите во Апелациониот суд Гостивар за 2016 година, постапувале два кривични совети кои решаваат предмети од уписникот „КЖ“ - второстепени кривични предмети и од уписникот „ПРКЖ“ - второстепени прекршочни предмети додека формирани се и кривични совети за решавање на кривични предмети од уписникот „КЖМ“, согласно Законот за малолетничка правда и посебен совет кој постапува исклучиво по кривичните предмети заведени во уписникот „КСЖ“ и „КР“. Формиран е и кривичен совет од петмина судии за кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од 15 години или казна доживотен затвор.

Во Кривичниот оддел во извештајниот период вкупно во работа имало 2.583 предмет од кои 293 предмети се пренесени како нерешени од претходната година, а 2.290 предмети се новопримени, при што судот вкупно решил 2.484 предмети, а на крајот од годината останале нерешени 99 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во однос на претходната година кога Судот во работа имал вкупно 3.390 предмети, во извештајниот период обемот на работа е намален за 807 предмети, а тоа се должи на намалениот прилив кој е за 1.013 предмети помал во однос на претходната година кога се примени 3.303 предмети.

Бројот на решените кривични предмети во извештајниот период е намален за 613 предмети во однос на претходната година кога се решени 3.097 предмети. Во однос на претходната година кога останале нерешени 293 предмети, во извештајниот период овој број е намален за 194 предмети и изнесува 99 предмети.

Во текот на извештајниот период во Судот вкупно во работа по уписникот “КЖ” имало 424 кривични предмети, од кои 39 предмети се пренесени како нерешени од претходната година и 385 предмети се новопримени, при што Судот вкупно решил 393 предмет, а на крајот од годината нерешени останале 31 предмет кои се пренесуваат за наредната година.

Во уписникот „КЖМ“ кривични предмети во постапка против малолетници, заведени се 2 предмети, кои се решени во текот на извештајниот период.

Во уписникот „КСЖ“ кривичен совет заведени се 167 предмети, па имајќи во предвид 3 нерешени предмети од претходната година, вкупно на работа биле 170 предмети од кои во текот на извештајниот период решени се 168 предмети, додека останале нерешени 2 предмети.

Во уписникот „ПРКЖ“ прекршочни предмети заведени се 1.705 предмети, па имајќи ги во предвид 250 нерешени предмети од претходната година, вкупно во работа биле 1.955 предмети

од кои во текот на извештајниот период решени се 1.889 предмети, додека останале нерешени 66 предмети.

Во уписникот „КР“ вкупно во работа имало 32 предмети од кои новопримени се 31 предмет, додека 1 предмет останал нерешен од предходната година, во текот на овој извештаен период сите 32 предмети се решени.

Состојбата во однос на времетраење на постапката е следна:

- До 1 месец решени се 1027 предмети,
- Од 1-3 месеци решени се 1223 предмети,
- Од 3-6 месеци решени се 203 предмети,
- Над 6 месеци решени се 31 предмети.

## 1. Предметно работење на ниво на Кривичен оддел

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 39 | 385 | 0 | 0 | 424 | 393 | 31 |
| КЖМ | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| КСЖ | 3 | 167 | 0 | 0 | 170 | 168 | 2 |
| ПРКЖ | 250 | 1705 | 0 | 0 | 1955 | 1889 | 66 |
| КР | 1 | 31 | 0 | 0 | 32 | 32 | 0 |
| **ВКУПНО** | 293 | 2290 | 0 | 0 | 2583 | 2484 | 99 |

**Квалитет на работење во Кривичниот оддел**

Кривичниот оддел на Апелациониот суд Гостивар во извештајната година според податоците од вратените предмети од страна на Врховниот суд, го задржал високиот квалитет во работењето.

Имено, во извештајниот период од страна на Врховниот суд на Република Македонија вратени е вкупно 31 одлуки, од кои 11 одлуки се потврдени односно 35,48%; 8 одлуки се укинати односно 25,81% и 12 одлуки се отфрлени односно 38,71%.

▪ Во уписникот “КЖ” примени се 23 одлуки, од кои 8 потврдени (34,78% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 2,04% од вкупно решените предмети), 4 одлуки се укинати (17,39% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,02% од вкупно решените предмети) и 11 одлуки се отфрлени (47,83% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 2,80% од вкупно решените предмети).

▪ Во уписникот “КСЖ” примени се 3 одлуки, од кои 3 одлуки се потврдени (100% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,79% од вкупно решените предмети).

▪ Во уписникот “ПРКЖ” примени се 5 одлуки 4 одлуки се укинати (80% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 2,21% од вкупно решените предмети) и 1 одлука е отфрлена (20% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,53% од вкупно решените предмети)

| Уписник | Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ | 23 | 8 | 34,78% | 4 | 17,39% | 11 | 47,83% |
| КЖМ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КСЖ | 3 | 3 | 100% | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПРКЖ | 5 | 0 | 0 | 4 | 80% | 1 | 20% |
| КР | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **31** | **11** | **35,48%** | **8** | **25,81%** | **12** | **38,71%** |

## Б) Граѓански оддел

Во граѓанскиот оддел согласно распоредот за работа на судиите и останатите вработени за 2016 година, оформени беа два совета кои постапуваат по предметите заведени во уписникот „ГЖ“ второстепени граѓански предмети и трет совет, кој постапува по предметите за трговските и работни спорови во уписникот „ТСЖ“ второстепени предмети по трговски спорови и во уписникот „РОЖ“ предмети од работни спорови.

Во однос на претходната година во граѓанскиот оддел, кога Судот во работа имал вкупно 2.976 предмети, обемот на работа во извештајниот период е намален за 749 предмети и изнесува 2.227 предмети. Приливот во извештајниот период е намален за 892 предмети во однос на претходната година, односно примени се 1.711 предмети. Бројот на решени предмети во извештајниот период е намален за 355 предмети во однос на претходната година кога биле

решени 2.460 предмети и изнесува 2.105 предмети. Бројот на нерешени предмети на крајот на годината е намален за 394 предмети во однос на минатата година и изнесува 122 предмети.

Во текот на извештајниот период во Судот вкупно во работа имало 1.362 граѓански предмети, од кои 351 предмет се пренесени како нерешени од претходната година и 1.011 предмети се новопримени, при што Судот вкупно решил 1.302 предмети, а на крајот од годината нерешени останале 60 предмети кои се пренесуваат за наредната година.

Во уписникот „ТСЖ“ трговски спорови, заведени се 283 предмети, па имајќи ги во предвид и нерешените 84 предмети од претходната година, вкупно во работа биле 367 предмети, од кои се решени 347 предмети додека останале нерешени 20 предмети.

Во уписникот „РОЖ“ работни спорови заведени се 397 предмети, па имајќи ги во предвид 81 нерешен предмет од претходната година, вкупно во работа биле 478 предмети од кои во текот на извештајниот период решени се 436 предмети, додека останале нерешени 42 предмети.

Во уписникот „Р“ разни граѓански предмети примени се 20 предмети и истите се решени, при што нема остаток за наредната година.

Состојбата во однос на времетраење на постапката е следна:

- До 1 месец решени се 689 предмети,
- Од 1-3 месеци решени се 655 предмети,
- Од 3-6 месеци решени се 463 предмети,
- Над 6 месеци решени се 298 предмет.

## 1. Предметно работење на ниво на Граѓански оддел

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 351 | 1011 | 0 | 0 | 1362 | 1302 | 60 |
| РОЖ | 81 | 397 | 0 | 0 | 478 | 436 | 42 |
| ТСЖ | 84 | 283 | 0 | 0 | 367 | 347 | 20 |
| Р | 0 | 20 | 0 | 0 | 20 | 20 | 0 |
| **ВКУПНО** | **516** | **1711** | **0** | **0** | **2227** | **2105** | **122** |

**Квалитет на работење во Граѓанскиот оддел**

Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Гостивар во извештајната година според податоците од вратените предмети од страна на Врховниот суд, го задржал високиот квалитет во работењето.

Имено, од страна на Врховниот суд на Република Македонија примени се вкупно 144 одлуки, од кои 47 одлуки се потврдени односно 32,64%; 3 одлуки се преиначени односно 2,08%; 28 одлуки се укинати односно 19,44% и 66 одлуки се отфрлени односно 45,83%.

- Во уписникот "ГЖ" примени се 95 одлуки, од кои 30 потврдени (31,58% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 2.30% од вкупно решените предмети), 3 одлуки се преиначени (3,16% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,23% од вкупно решените предмети), 21 одлука е укината (22,11% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,61% од вкупно решените предмети) и 41 одлуки се отфрлени (43,16% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 3,15% од вкупно решените предмети).

- Во уписникот "ТСЖ" примени се 19 одлуки, од кои 6 одлуки се потврдени (31,58% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,73% од вкупно решените предмети), 4 одлуки се укинати (21,05% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 1,15% од вкупно решените предмети) и 9 одлуки се отфрлени (47,37% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 2,59% од вкупно решените предмети).

- Во уписник "РОЖ" примени се 30 одлуки, од кои 11 одлуки се потврдени (36,67% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 2,52% од вкупно решените предмети), 3 одлуки се укинати (10% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 0,69% од вкупно решените предмети) и 16 одлуки се отфрлени (53,33% од бројот на предметите кои биле по вонреден правен лек, односно 3,67% од вкупно решените предмети)

| Уписник | Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ | 95 | 30 | 31,58% | 21 | 22,11% | 41 | 43,16% |
| ТСЖ | 19 | 6 | 31,58% | 4 | 21,05% | 9 | 47,37% |
| РОЖ | 30 | 11 | 36,67% | 3 | 10% | 16 | 53,33% |
| Р | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **144** | **47** | **32,64%** | **28** | **19,44%** | **66** | **45,83%** |

### В) Заостаток на предмети и стари предмети

Заостатокот на предмети на крајот на 2015 година, изнесува 809 предмети, додека заостатокот на крајот на извештајната 2016 година изнесува 221 предмети што значи заостатокот е намален за 588 предмети односно за 72,68 % по однос на претходната година.

Заостатокот на стари предмети на крајот на 2015 година, изнесува вкупно 12 предмети, додека стари предмети на крајот на извештајната 2016 година нема.

## II. Извештај за човечки ресурси

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелационен суд Гостивар стручните и адмнистративно-техничките работи и работите од судската полиција утврдено е да ги вршат 117 судски службеници, а согласно Одлуката на Судскиот Совет на РМ бр.07-1103/1 од 04.07.2012 год. ("Сл. Весник на РМ" бр.85/2012) бројот на судии во Апелациониот суд Гостивар е зголемен и судската функција во Апелациониот суд Гостивар утврдено е да ја вршат претседател и 15 судии, меѓутоа во текот на извештајната 2016 година, од месец Април 2016 година Судот продолжува да функционира во нецелосен состав, со тоа што судската функција ја извршуваше квантитативно во променлив состав на судии, така што во текот на календарската 2016 година во првото тромесечие еден судија престанал со вршење на судската должност поради исполнување на законските услови за пензионирање, и тоа на ден 04.04.2016 година, така што, заклучно со месец Август 2016 година судската должност ја извршувале претседател и 11 судии, а од Септември 2016 година по изборот на тројца судии, во извештајната година судската должност ја извршувале претседател и 14 судии.

### А) Стручни судски соработници

Стручните судски службеници во текот на извештајната 2016 година имаат особен придонес во функционирањето на судот преку стручно и совесно извршување на работните задачи, примарно во врска со изработката на судските одлуки, како и помош на носителите на судската функција во решавањето на судските предмети.

Интересот за оптимално функционирање на судот налага потреба од пополнување на бројот на стручни судски службеници согласно обемот на работата во судот, а со цел да се овозможи непречено функционирање на судот како организациска единка, но и судството во целина.

Потребата од зголемување на бројот на стручни судски службеници, како и согласно обемот и начинот на работа на судот, така и со оглед на намалената разлика со бројот на носители на судската функција, кој со Одлука на Судскиот совет на РМ од 04.07.2012 година е зголемен и утврден на 16 судии вклучувајќи го и престедателот на Судот, согласно кој поголем број од предвидените работни места не се пополнети, а пред се кај раководните судски службеници, како

и стручните судски службеници (самостоен судски советник, раководител на служба, виш судски советник; судски советник и судски соработник).

По однос на раководните судски службеници, пополнето е само едно место, така што потребно е пополнување и на преостанатите 10 работни места – раководни судски службеници, а имајќи ја предвид обемноста на утврдените работни задачи на овој кадар.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во судот овие лица меѓу другото како најбитен сегмент за ефикасно и непречено функционирање на судот, се грижат за организација и координација на работата на секој од одделите и одделенијата кои функционираат во рамките на судот, така што пополнувањето на овие рабитни места е од особено значење за ажурно и квалитетно правораздавање.

Согласно Систематизацијата на Апелациониот суд Гостивар предвидени се вкупно вклучувајќи го и судскиот администратор единаесет раководни судски службеници и 50 стручни судски службеници – (самостоен судски советник, раководител на служба, виш судски советник; судски советник, виш судски соработник, судски соработник, соработник и помлад судски соработник), меѓутоа во моментот се пополнети 17 места, а непополнети се 33 работни места, од кои работните места самостоен судски советник, раководител на служба, виш судски советник, судски советник, виш судски соработник воопшто не се пополнети со тоа што на местото судски соработник од предвидените 16 извршители осум работни места не се пополнети и од предвидените 12 извршители на работно место помлад судски соработник 5 работни места не се пополнети.

Во текот на извештајната 2016 година од месец Ноември во одделението по информатика е ангажиран само еден извршител, додека другиот извршител заминува на друго работно место.

### Б) Административен персонал

Заклучно со 31.12.2016 година, во администрацијата се вработени 13 лица.

Во текот на извештајната година непополнетоста на бројчаниот состав на административниот персонал предизвика значителни тешкотии во функционирањето на судот, поради што неминовно се наметнува потребата од пополнување на непополнетите и испразнетите работни места, особено во однос на референти (технички секретар на претседателот на судот, хаусмајстор, судски референти – дактилографи), каде од предвидените 11 работни места дактилографи, пополнети се 5 работни места.

Во управата на судската зграда со состојба на 31.12.2016 година се евидентирани 3 вработени лица.

Судот извештајната година ја започнал со 31 вработени, а заклучно со 31.12.2016 година вкупно со 30 вработени. Согласно Систематизацијата на Судот предвидени се 117 работни места, а

непополнети со 31.12.2016 година се вкупно 87 работни места (вклучувајќи ги раководни судски службеници, стручните судски службеници, администрацијата и управата на судската зграда).

Одливот е по основ на исполнување на услови за старосна пензија.

Посебно внимание, во текот на извештајната година, беше посветено на процесот на континуираната едукација на судскиот кадар, како и останатиот кадар (стручните судски службеници и администрацијата) преку можноста за присуство на значителен број советувања во организација на Академија на судии и јавни обвинители на РМ и други организатори, која овозможува нивно стручно оспособување за ефикасно извршување како придонес во функционирањето на судот, но и за развој на нивната професионална кариера.

## III. Извештај за информатички технологии

Функционирањето на судот во текот на извештајниот период во поглед на информатичката технологија се одвиваше непречено, како и во делот на употребата на Автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС).

АКМИС програмата од страна на вработените се користи целосно во сите сегменти од работењето и сите потребни месечни, квартални и годишни извештаи и прегледи се генерираат електронски.

Во судот има една судница во која е инсталирана опрема за тонско снимање на рочишта согласно Законот за парнична постапка. Истата редовно се користи од страна на судиите од граѓанскиот, трговскиот и одделот за работни спорови според упатството за тонско снимање. Но, земајќи го во предвид значењето на овој систем и негово за успешно користење и во иднина, потребно е да се обезбеди одржување и надградба на истиот поради дотраеноста на опремата.

Во однос на електронската достава, во овој извештаен период не се пријавени никакви проблеми и таа се спроведува непречено, само кон оние адвокати кои се имаат регистрирано на порталот е-достава. Воедно, започнат е и електронскиот прием на писмена во Судот, за таа цел инсталиран е сервер за скенирање на документи и компјутер со скенер за приемното одделение, кое исто така се спроведува без никакви проблеми.

Со користењето на новите web портали, поедноставена е анонимизацијата на одлуките на Судот која се обвива непречено и во извештајниот период објавени се вкупно 2353 анонимизирани одлуки. Исто така web порталот на нашиот суд редовно се ажурира со месечни, квартални и годишни извештаи, како и со сите потребни информации за странките. Воедно, Апелациониот суд Гостивар редовно ја следи работата на основните судови од своето апелационо

подрачје во однос на електронската достава, тонското снимање како и процесот на анонимизација и објавување на судските одлуки на неделна основа.

Во поглед на хардверската опрема нашиот Суд има потреба од нова опрема поради амортизирање и дотраеност на истата, како и опрема за нововработените за нормално функционирање на секојдневните работни обврски. Околу 60% од работните станици работаат на оперативен систем Windows XP за кој нема поддршка од страна на Microsoft и неопходна е нивна замена. Исто така потребни се и нови мрежни принтери, со што би се намалиле трошоците за печатање, затоа што во Судот се користат голем број на локални принтери чие одржување е скапо, а потрошниот материјал тешко се набавува и е скап. Воедно, Судот има потреба од нов фотокопир од причини што стариот се одржува со големи финансиски расходи.

Воедно, растот на информатичката технологија налага потреба постојано надградување и усовршување на сите вработени во судот за начинот на нејзината употреба.

## IV. Извештај за опременост и одржување на зграда на судот

Судската зграда на Апелациониот суд Гостивар е сместена на Ул.“Живко Брајковски“ бр.1 во Гостивар.

Состојбата со работни простории во извештајниот период 2016 година, не задоволува поради зголемувањето на судскиот и административниот персонал, бидејќи во извештајниот период во споредба со 2015 година бројот на судии и на судската администрација се зголеми, така што во извештајниот период од 2016 година во овој суд вкупно се вработени 46 лица.

Оттука се појавува потреба во судската зграда на Апелациониот суд Гостивар да се изврши зголемување на бројот на работните канцеларии со преградување на постоечките поголеми судски канцеларии, а како би се добиле нови работни канцеларии.

## V. Извештај за односи со јавност

Согласно чл.4 и чл.12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.Весник на Р.Македонија бр.13 од 01.02.2006 година, бр.86/08 од 14.07.2008 година, бр. 6 од 15.01.2010 година, бр.42 од 03.03.2014 година, бр.148/15 од 31.08.2015 година и бр.55/16 од 22.03.2016 година) домашните и странските правни и физички лица имаат право на слободен пристап до информациите од јавен карактер, кои се однесуваат на работата на овој суд. Во извештајната 2016 год., согласно погорецитираниот закон, до овој суд се доставени вкупно 9 (девет) барања од кои на 8 (осум) позитивно е одговорено а 1 (едно) барање е отфрлено како неуредно.

## VI. Извештај за извршување на буџет на судот и финансиска анализа

Планираниот т.е. одобрениот буџет на Апелациониот суд Гостивар за 2016 година и неговата реализација се искажани табеларно

| Ставка | Планиран буџет за 2016 | Реализација | Остаток | Искористеност во проценти |
|---|---|---|---|---|
| 401 | 20.636.018,00 | 20.636.018,00 | 0,00 | 100,00 |
| 402 | 7.632.474,00 | 7.632.474,00 | 0,00 | 100,00 |
| 420 | 13.000,00 | 13.000,00 | 0,00 | 100,00 |
| 421 | 1.439.000,00 | 1.438.916,00 | 84,00 | 99,99 |
| 423 | 300.000,00 | 300.000,00 | 0,00 | 100,00 |
| 424 | 110.000,00 | 106.965,00 | 3.035,00 | 99,24 |
| 425 | 25.000,00 | 24.738,00 | 262,00 | 97,51 |
| 426 | 40.000,00 | 39.900,00 | 100,00 | 99,75 |
| 464 | 103.159,00 | 103.159,00 | 0,00 | 100,00 |
| **Вкупно** | **30.298.651,00** | **30.295.170,00** | **3.481,00** | **99,99** |

Апелациониот суд Гостивар 2016 година ја започна со обврски спрема добавувачи во износ од 119.835,00 денари и истата ја заврши со обврски во износ од 131.261,00 ден.(99 % од обврските се сметки за ел.енергија, пошта и телефон за 12 месец 2016 год.)

Ако се земат во предвид податоците од претходните 5 години, заклучок е да судот ја завршува годината со обврски направени во 12 месец (режиски трошоци за ел.енергија, пошта, телефон и интернет) што е резултат на добро планирање, економично работење и непречекорување на трошоците од одобрените средства.

Гостивар, Февруари 2017 година

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР
Шефајет Хајдари